Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 45 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18) и член 21 став (1) точка 5 од Правилникот за лиценци ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/19 и 54/19), постапувајќи по Известување за настанати промени кај носител на лиценца за вршење на енергетска дејност УП1 бр.07-236/12 од 29.03.2019 година на Друштвото за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС ЕДС ДООЕЛ Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 03.04.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС ЕДС ДОО Скопје, со седиште на бул. Свети Климент Охридски бр. 30 Скопје – Центар му се менува лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија, издадена со Одлука УП1 бр. 07-236/12 од 30.11.2012 година и („Службен весник на Република Македонија" бр. 152/12) и Одлука за менување на Одуката УП1 бр. 07-236/12 од 17.01.2017 година и („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/17).

2. Менувањето на лиценцата се врши по службена должност од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија по добиено Известување на Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС ЕДС ДООЕЛ Скопје поради промена на назив, форма, промена во сопственичката структура, и промена на овластено лице.

3. Во Одлуката УП1 бр. 07-236/12 од 30.11.2012 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 152/12) и Одлуката за менување на Одуката УП1 бр. 07-236/12 од 17.01.2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/17) зборовите „Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС ЕДС ДОО Скопје" се менуваат со **„Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС ЕДС ДООЕЛ Скопје"**

4. Во Одлуката УП1 бр. 07-236/12 од 30.11.2012 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 152/12) и Одлуката за менување на Одуката УП1 бр. 07-236/12 од 17.01.2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/17) зборовите Регулаторна комисија за енергетика се менуваат со „Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија".

5. Во Прилог 1 точка 1 зборовите „Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС ЕДС ДОО Скопје" се менуваат со зборовите **„Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС ЕДС ДООЕЛ Скопје"**

6. Во Прилог 1, точката 5 се менува и гласи: ЕЕ – ТРГ -109 - 2012

7. Во Прилог 1 во точките 11, 14, 15 и 17, зборовите „Регулаторна комисија за енергетика" се заменуваат со „Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија".

8. Во Прилог 1 во точките 15, 16 и 17, зборовите „Правилник за вршење на енергетски дејности“ се менуваат со „Правилник за лиценци“

9. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС ЕДС ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Свети Климент Охридски бр. 30 Скопје – Центар, (во понатамошниот текст: Друштвото), до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе известување за настанати промени кај носител на лиценца за вршење на енергетска дејност УП1 бр.07-236/12 од 29.03.2019 година, заради промена на назив, форма, промена во сопственичката структура како и промена на овластено лице.

Врз основа на горенаведеното и согласно член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 45 од Законот за енергетика (“Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18) и член 21 став (1) точка 5 од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на ден 03.04.2019 година донесе Одлука за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија по службена должност на Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС ЕДС ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 07-236/12**
**03.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**